Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
04-СУ.бр. 1 / 21
11.01. 2021 година
Кратово

Врз основа на чл.42, 43 и 49 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/06, 35/08,150/10, 83/2018 и 198/2018 и Службен весник на РСМ бр.96/2019), а согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ за утврдување на бројот на судии поротници во судовите во РМ бр.02-2158/1 од 10.12.2015 год. (објавена во Службен весник на РМ бр.219/15), Основниот суд Кратово го објавува следниот:

# О Г Л А С

за избор на 15 судии – поротници во Основен суд Кратово

Основниот суд Кратово има потреба од 15 кандидати кои ќе му ги предложи на Судскиот Совет на РСМ за избор на судии - поротници за време од 4 години.

Кандидатот за судија - поротник потребно е да ги исполнува условите предвидени во во член 42 став 2 од Законот за судовите и тоа:

- Да е полнолетен државјанин на Република Северна Македонија
- Да има завршено најмалку средно образование
- Активно да го владее македонскиот јазик
- Да ужива углед за вршење на функцијата судија-поротник
- Да не е постар од 60 години

За судија-поротник не може да биде избрано лице кое со судијата или судијата-поротник во истиот суд е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар, ниту лице кое со член на Судски совет на РСМ е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

Заинтересираните кандидати кон пријавата потребно е во оригинал или копија заверена на нотар да приложат:

- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија не постаро од 6 (шест) месеци
- Уверение за завршено образование
- Уверение од казнена евиденција

Заинтересираните кандидати пријавата со потребната документација во прилог и контакт телефон можат да ги достават по пошта до Основен суд Кратово ул.„Јосиф Даскалов“ б.б., Кратово или непосредно во приемното одделение на судот, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот.

Претседател на судот
Судија,
Мирослав Георгиевски

Основен суд Кратово
Република Северна Македонија
Кратово